РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО И КОРПОРАТИВНО ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 21.06.2018 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник по предметите Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметите Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување, објавен на 7.06.2018 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се јави еден кандидат: д-р Атанаско Атанасовски, вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како доцент по предметот Корпоративно финансиско известување.

БИОГРАФИЈА

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски е роден на 2 април 1982 година во Кавадарци. Основно и средно образование завршил во родниот град со континуиран одличен успех. Во академската 2000/2001 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за сметководство и ревизија. Дипломирал во октомври 2004 година како најдобар студент на генерацијата 2000/2004 година со просечна оценка 9,82. Како дел од неговото работно искуство, по дипломирањето има работено во ревизорската куќа Дилоит ДОО-Скопје, дел од глобалната мрежа на Deloitte, во периодот од октомври 2004 до декември 2006 година. Во јуни 2006 година е избран во звањето помлад асистент на група предмети од областа на сметководството на депарманот за сметководство и ревизија, на Економскиот факултет во Скопје.

Во април 2007 година се запишал на постдипломски студии по сметководство и финансии на Универзитетот London College, University College of Kensington, во Лондон, Белика Британија. Постдипломските

студии ги завршил во јануари 2010 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Трансформација на екстерната ревизорска функција: Студија на идните модификации на предметот на ревизија".

Во јуни 2008 година ги завршил испитите од програмата за стекнување со професионално звање на Association of Chartered Certified Accountants (ACCA), Лондон, Велика Британија и станува придружен член на оваа меѓународно призната асоцијација на професионални сметководители.

Во периодот од јануари 2010 до мај 2010 година, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски остварува студиски престој на Fairfield University во САД, како стипендист на United States Bureau for Educational and Cultural Affairs во рамките на програмата за развој на млад академски кадар на Американските совети за меѓународно образование.

Во април 2011 година пријавил докторски тези со наслов „Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија" под менторство на проф. д-р Блажо Недев. Докторската дисертација успешно ја има одбрането на 18 септември 2013, со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во периодот декември 2008 – декември 2009 година, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски бил ангажиран како локален консултант во реализација на проектните активности од REPARIS-програмата на Светска банка поврзани со испитот за сертификација и професионална едукација на овластени ревизори при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Истовремено, во рамките на овој проект кој е од голема важност за зајакнување на корпоративното известување и ревизијата во Република Македонија, во периодот јуни-декември 2010 година е ангажиран како главен преведувач и координатор на проектот за превод на МСФИ и МСР на македонски јазик.

Во периодот од декември 2009 година до септември 2015 година, кандидатот бил предавач за модулите управување со трошоци и финансиско сметководство, во рамки на **CBIPA "Capacity building in public accounting"** и **PACT "Public accounting certificate training"** проектите на Министерството за финансии и Center for Excellence in Finance, Ljubljana. Основната цел на проектите е обука и професионално сертифицирање на сметководители во јавниот сектор.

Почнувајќи од јуни 2010 година, д-р Атанаско Атанасовски е ангажиран од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија како координатор за спроведување на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор.

Во периодот од јануари 2012 година до јуни 2017 година работел како краткорочен консултант на Светска банка и учествувал во подготовката на национални и регионални анализи и студии, како што се:

- **ROSC "Report on observance of standards and codes – accounting and audit in Republic of Macedonia".** Извештајот ги анализира законското и институционално окружување за сметководствената професија во Република Македонија.

- Center for Financial Reporting Reform (2016). *Accounting Education Benchmarking Study:Albania, Bosnia and Hercegovina, Kosovo, Macedonia, Montenegro and Serbia*. International Bank for Reconstruction and Development, The World Bank, Washington DC
- Center for Financial Reporting Reform (2017). *Accounting Education a Collection of Good Practices:Albania, Bosnia and Hercegovina, Kosovo, Macedonia, Montenegro and Serbia*. International Bank for Reconstruction and Development, The World Bank, Washington DC
- Center for Financial Reporting Reform (2017). *Knowledge paper Key Accounting and Auditing Reforms in Macedonia*. International Bank for Reconstruction and Development, The World Bank, Washington DC

Од април 2013 година кандидатот ја извршува функцијата на независен надворешен член на Одборот за ревизија при Охридска банка АД, Охрид, членка на групацијата Societe Generale, Paris. Од 2017 година кандидатот е овластен вештак во областа на материјално и сметководствено-финансиско вештачење.

Кандидатот одлично го познава англискиот јазик (активно зборување, читање и пишување) и има солидни познавања од областа на работа со компјутери, како и на некои применливи статистички софтвери за анализа и манипулација со податоци (ACL).

1. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски има единаесетгодишно работно искуство како асистент по група предмети од областа на сметководството и доцент на предметот Корпоративно финансиско известување на департманот за сметководство и ревизија при Економскиот факултет во Скопје. Од декември 2013 година па до денес, ангажиран е во изведување на настава и вежби по повеќе предметни дисциплини, меѓу кои Корпоративно финансиско известување, Финансиско сметководство и Сметководствени контролни системи на прв циклус на студии и Екстерно известување и Мерење на резултати на втор циклус на студии. Во изведувањето на наставно – образовната дејност кандидатот се користи со најсовремени методи, поттикнувајќи активност кај студентите и нивна интеракција.

Покрај предавањата, кандидатот целосно е ангажиран околу организирање на испитите и колоквиумите, вклучен во оценување и изготвување на испитни прашања, доделување и оценување на проектни задачи на студентите, менторство на семинарски трудови, дипломски и магистерски трудови како и секојдневни консултации со студентите од сите академски години на студирање на прв и втор циклус на студии.

Во изборниот период кандидатот бил ментор на 6 магистерски труда и 34 дипломски работи, а учествувал како член во комисија за оцена и

одбрана на 3 докторски дисертации, 21 магистерски труд и 233 дипломски работи.

Во анекс 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на наставно-образовната дејност.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски во изборниот период има објавено 15 труда, од кои 6 труда во меѓународно научно списание и 4 труда во зборник на трудови од научен собир со меѓународен одбор:

1. „Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија", докторски труд, Економски факултет,Скопје, септември, 2013
2. "Обелоденување на финансиските ризици во финансиските извештаи на македонските котирани друштва", Годишник на Економски Факултет - Скопје том. 49, 2014
3. - Marina Serafimoska Trpeska, Atanasko Atanasovski, Kiril Jovanovski, Dimitar Jovevski, Angela Kuzmanova "Applying Performance Measurement Systems For Efficient Incentive Systems – Practice Form The Companies In Macedonia", Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development December 19,2014, Zagreb Croatia
4. - Kiril Jovanovski, Dimitar Jovevski, Atanasko Atanasovski, Marina Trpevska, Angela Kuzmanova „Dollarization And The Macroeconomic Policies", Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development December 19,2014, Zagreb Croatia
5. Atanasko Atanasovski, "Determinants of financial reporting quality for listed entities in Macedonia: evidence from fair value accounting", CEA Journal of Economics, Skopje, vol.16, Jan 2014
6. Atanasko Atanasovski, "The Scope of the External Audit and Audit Expectations: A Survey Study", Research Journal of Finance and Accounting, vol.6, no.9, 2015
7. Atanasko Atanasovski, "Empirical Investigation into the Determinants of Compliance with IFRS 7 Disclosure Requirements", Acta Universitatis Danubius Economica, vol.11.(2), 2015
8. Atanasko Atanasovski, Marina Serafimoska, Kiril Jovanovski & Dimitar Jovevski, "Risk Disclosure Practices in Annual Reports of Listed Companies: Evidence from a Developing Country", Research Journal of Finance and Accounting, vol.6, no.1, 2015
9. Marina Trpeska, Zorica B. Lazarevska, Atanasko Atanasovski "Towards Integrated Reporting: Analysis of Information Published on the Companies Websites That Could be Part of the Integrated Reporting", CEA Journal of Economics, Skopje, vol.11, issue 2, Dec 2016
10. "The professional skepticism of internal auditors in the context of fraud identification- research in the Republic of Macedonia", учество на 22nd EBES Conference, Rome 2016 во ко-авторство со д-р Зорица Б.Лазаревска, д-р Марина Трпеска и д-р Атанаско Атанасовски.

11. „Практики на управување со известуваните добивки како индикатор за квалитетот на финансиското известување на македонските котирани компании", Годишник на Економски Факултет - Скопје том. 51, 2016, стр 27-40.
12. Атанасовски, А. (2015) "Вештини и знаења на студентите на департманот за сметководство и ревизија, согласно перцепциите на студентите и работодавачите", Годишник на Економски факултет-Скопје, изд.50, Економски факултет-Скопје, стр.31-42.
13. Trpeska M., Atanasovski A. & Bozinovska L.Z., (2017) "The relevance of financial information and contents of the new audit report for lending decisions of commercial banks", Journal of Accounting and Management Information Systems, vol.16 (4), pp: 455-471.
14. Атанасовски, А. (2017) "Студија за важноста и користењето на сметководствените информации и извештаи во кредитното одлучување", Годишник на Економски факултет-Скопје, изд.52, Економски факултет-Скопје, стр.27-38.
15. Trpeska M., Bozinovska L.Z & Atanasovski A. (2017) "Students perception versus employers expectation of accounting skills and knowledge after graduation", „26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society"" Zagreb 8-10 December 2017; Book of Proceedings pp. 572-583

Покрај, приложените и публикувани научно-стручни трудови, кандидатот доц. д-р Атанаско Атанасовски приложил импресивна листа на научно-стручни собири и конференции во домашни и меѓународни рамки на кои одржал пленарни и секциски предавања.

Во анекс 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на научноистражувачката дејност.

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски бил многу активен и во стручно-апликативната дејност, односно бил особено активен на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Како дел од стручно-апликативната дејност во изборниот период кандидатот бил национален координатор и консултант на Светска банка во Македонија за областа на сметководството и финансиското известување. Кандидатот учествувал и во реализацијата на 4 супервештачења во сметководствено-финансиската област. Истотака, кандидатот одржал серија од 6 предавања во периодот од 2015 до 2016 година за Државниот завод за ревизија на теми поврзани со презентација и практична примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски во изборниот период има учествувано и во бројни факултетски комисии:

- Член на Конкурсна комисија за изработка на наставни програми и водичи за студии (2017)
- Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии (август-септември 2015)
- Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии (август-септември 2015)
- Претседател на Комисија за јавни набавки (декември 2017 – јуни 2018)

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурсните материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник во научната област сметководство по предметите Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 7.06.2018 година е д-р Атанаско Атанасовски. Кандидатот ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето вонреден професор од областа на економските науки, на предметите: Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување. По проучувањето на приложената документација од кандидатот и увидот во објавените трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски поседува шестгодишно работно искуство како асистент по група предмети од областа на сметководството и петгодишно работно искуство како доцент по предметите Корпоративно финансиско известување, Сметководствени контролни системи и Финансиско сметководство на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.
- За време на својот ангажман, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски со успех, професионално и одговорно, исполнително и со максимална ангажираност и совесност ги извршувал сите активности во рамките на високообразовната дејност на Факултетот. Во едукативниот процес има користено современи методи на предавање, остварувајќи интерактивна комуникација со студентите. Во овој контекст, треба да се истакне дека станува збор за квалитетен и одговорен наставно-научен кадар пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и унапредување на наставните предмети и матичниот факултет во целина како врвна високообразовна институција во земјата.
- Забележителна е научноистражувачката активност на кандидатот д-р Атанаско Атанасовски која се гледа од бројните трудови објавени, пред сé, на меѓународни конференции и списанија. Ова го претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на сметководството.

- Кандидатот континуирано од својот избор во звањето доцент до денес се ангажирал во релевантни меѓународни проекти за афирмирање и унапредување на сметководствената и ревизорска професија во Република Македонија
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни 205,6 бода на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија е наполно уверена дека кандидатот д-р Атанаско Атанасовски, со својата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, со стручно-научните квалитети и изразениот интегритет и морални вредности се претставува како високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на полето на сметководството. Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го избере д-р Атанаско Атанасовски во звањето **вонреден професор од областа на економските науки по предметите Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување**.

Скопје, 03.07.2018

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Блажо Недев, претседател
2. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, член
3. Проф. д-р Зоран Миновски, член

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Атанаско Љупчо Атанасовски
(име, татково име и презиме)

Институција: Економски факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: Сметководство (50328)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	Одржување на настава: • Од прв циклус студии: ○ Сметководствени контролни системи – 4*15*0,04*(13/14л) ○ Корпоративно финансиско известување – 12*15*0,04 (14/15з) (Скопје, Велес, проект 45) ○ Сметководствени контролни системи – 4*15*0,04*(14/15л) ○ Корпоративно финансиско известување – 8*15*0,04 (15/16з) (Скопје, Велес) ○ Финансиско сметководство – 4*15*0,04 (15/16з) (Велес) ○ Сметководствени контролни системи – 4*15*0,04*(15/16л) ○ Финансиско сметководство – 4*15*0,04 (16/17з) ○ Корпоративно финансиско известување – 4*15*0,04 (16/17з) ○ Сметководствени контролни системи – 4*15*0,04*(16/17л) ○ Финансиско сметководство – 4*15*0,04 (17/18з) ○ Корпоративно финансиско известување – 4*15*0,04 (17/18з) ○ Сметководствени контролни системи – 4*15*0,04*(17/18л) • Од втор циклус студии: ○ Мерење на резултатите – 3*15*0,05 (14/15л) ○ Мерење на резултатите – 3*15*0,05 (15/16л) ○ Екстерно известување – 3*15*0,05 (16/17з) ○ Екстерно известување – 3*15*0,05 (17/18з)	45,0
2.	Одржување на вежби • Сметководствени контролни системи – 2*15*0,03 (13/14л) • Корпоративно финансиско известување – 2*15*0,03 (14/15з) • Сметководствени контролни системи – 2*15*0,03 (14/15л) • Корпоративно финансиско известување – 2*15*0,03 (15/16з) • Сметководствени контролни системи – 2*15*0,03 (15/16л) • Корпоративно финансиско известување – 2*15*0,03 (16/17з) • Финансиско сметководство – 2*15*0,03 (16/17з) • Сметководствени контролни системи – 2*15*0,03 (16/17л) • Корпоративно финансиско известување – 2*15*0,03 (17/18з) • Финансиско сметководство – 2*15*0,03 (17/18з) • Сметководствени контролни системи – 2*15*003 (17/18л)	9,9
3.	Консултации со студенти:	4,3

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	• Сметководствени контролни системи – 126*0,002(13/14л) • Мерење на резултати – 17*0,002(13/14л) • Корпоративно финансиско известување – 223*0,002(14/15з) • Сметководствени контролни системи – 29*0,002(14/15л) • Мерење на резултати – 17*0,002(14/15л) • Мерење на резултати – 8*0,002(15/16л) • Корпоративно финансиско известување – 247*0,002(15/16з) • Сметководствени контролни системи – 21*0,002(15/16л) • Финансиско сметководство – 472*0,002(16/17з) • Корпоративно финансиско известување – 228*0,002(16/17з) • Сметководствени контролни системи – 23*0,002(16/17л) • Финансиско сметководство – 456*0,002(17/18з) • Корпоративно финансиско известување – 211*0,002(17/18з) • Сметководствени контролни системи – 17*0,002(17/18л) • Екстерно известување 19*0,002(16/17з) • Екстерно известување 14*0,002(17/18з)	
4.	Ментор на дипломска работа – 34*0,2	6,8
5.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат – 3*0,5	1,5
6.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура – 21*0,3	6,3
7.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа – 233*0,1	23,3
8.	Пакет на материјали за одреден предмет– 2*1	2,0
	Вкупно	**99,1**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1.	Ментор на магистерска работа – 6*1	6,0
2.	Раководител во национален научен проект – проект финансиран од УКИМ	6,0
3.	Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор • "The relevance of financial information and contents of the new audit report for lending decisions of commercial banks", Journal of Accounting and Management Information Systems, ISSN: 1583-4387, Vol. 16, No. 4, 2017, pp. 455-471 (3*0,8) • "Towards Integrated Reporting: Analysis of Information Published on the Companies' Websites that could be part of the Integrated Reporting", CEA Journal of Economics, ISSN: 1857-5269, Vol. 11, No. 2, 2016, pp. 73-89 (3*0,8) • "Risk Disclosure Practices in Annual Reports of Listed Companies: Evidence from a Developing Country", Research Journal of Finance and Accounting, ISSN: 2222-1697 (Paper), 2222-2847 (Online), Vol. 6, No. 1, 2015 pp. 184-192 (3*0,6) • "The Scope of the External Audit and Audit Expectations: A Survey Study", Research Journal of Finance and Accounting, ISSN	15,6

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	(Paper)2222-1697 ISSN (Online)2222-2847, vol.6, no.9, 2015 pp.242-250 (3) • "Empirical Investigation into the Determinants of Compliance with IFRS 7 Disclosure Requirements", Acta Universitatis Danubius Economica, vol.11.(2), 2015 pp. 5-17 (3) • "Determinants of financial reporting quality for listed entities in Macedonia: evidence from fair value accounting", CEA Journal of Economics, Skopje, vol.16, Jan 2014 pp 23-37 (3)	
4.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор • "Student Perception versus Employers' Expectation of Accounting Skills and Knowledge after Graduation", 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 8-9 December 2017, Zagreb, Croatia pp. 572 – 583 ISSN 1849-7535 (Online) (3*0,8) • "The relevance of financial information and contents of the new audit report for lending decisions of commercial banks", 12th International Conference Accounting and Management Information Systems AMIS 2017, 7 – 8 June 2017, Bucharest, Romania, pp. 77 – 90 ISSN 2247-6245 (3*0,8) • "Applying Performance Measurement Systems for Efficient Incentive Systems – Practice from the Companies in Macedonia", 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development and 4th Eastern European ESD Conference: Building Resilient Economy, ISBN: 978-953-6125-14-2, 19 декември 2014, Загреб, Хрватска, pp. 423-432 ISSN 1849-7535 (Online) 3*0,6 • "Dollarization and the Macroeconomic Policies", 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development and 4th Eastern European ESD Conference: Building Resilient Economy, ISBN: 978-953-6125-14-2, 19 декември 2014, Загреб, Хрватска, pp. 128-139 ISSN 1849-7535 (Online) 3*0,6	8,4
5.	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција • "Обелоденување на финансиските ризици во финансиските извештаи на македонските котирани друштва", Годишник на Економски Факултет - Скопје том. 49, 2014, стр.27-43, ISSN 0489 – 0922 • "Вештини и знаења на студентите на департманот за сметководство и ревизија, согласно перцепциите на студентите и работодавачите", Годишник на Економски факултет-Скопје, изд.50, 2015, Економски факултет-Скопје, стр.31-42, ISSN: 0489 – 0922 • "Практики на управување со известуваните добивки како индикатор за квалитетот на финансиското известување на македонските котирани компании", Годишник на Економски Факултет - Скопје том. 51, 2016, стр 27-40, ISSN: 0489-0922 • "Студија за важноста и користењето на сметководствените	8,0

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	информации и извештаи во кредитното одлучување", Годишник на Економски факултет-Скопје, том.52,2017, Економски факултет-Скопје, стр.27-38, ISSN: 0489-0922	
6.	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество *3 • Regional Audit Conference AARC ltd. Deloitte Montenegro „Capacity building for effective audit oversight", Podgorica 28-29 July 2016 • „EduCoP- Achieving excellence in education: Aligning University Accounting Curricula to International Benchmarks", одржана 14-15 септеври, 2015 година, во Приштина • „EduCoP- Achieving excellence in education: Aligning University Accounting Curricula to International Benchmarks", одржана 9-10 јуни, 2015 година, во Скопје • International Federation of Accountants Regional Small-and Medium-sized Practice (SMP) Forum and EU-REPARIS Education Community of Practice (EduCoP), "Achieving Excellence in Accountancy Education: Sharing Good Practices and Opportunities for Reform", CFRR Viena, Austria 31 may - 1 june 2017 • Center for Financial Reporting Reform, World bank, Third REPARIS Audit ToT workshop, 18-19 November 2013, Viena Austria • Center for Financial Reporting Reform, World bank, Fourth REPARIS Audit ToT workshop, 11-12 February 2014, Viena Austria • Center for Financial Reporting Reform, World bank, Third REPARIS Audit ToT workshop, 18-19 November 2014, Viena Austria • Sources of funding for A&A education to deliver the vision of Europe 2020, CFRR EduCoP, 16-17 January 2014, Viena Austria	24
7.	Пленарно предавање на научен/стручен собир *2 • „Постигнување на високи стандарди во сметководственото образование: споделување на добри практики и можности за реформи", Center for Financial Reporting Reform, World Bank Group, Скопје 27 јуни 2017. • Working conference "Achieving Excellence in Accountancy Education: Sharing Good Practices and Opportunities for Reform, Center for Financial Reporting Reform, World Bank Group Vienna, 5 July 2017, Pristina • Примена на МСФИ во јавни претпријатија за Здружение на финансиски работници на локална самоуправа и јавни претпријатија 30 Ноември 2015 Велес • Примена на МСФИ во јавни претпријатија за Здружение на финансиски работници на локална самоуправа и јавни	14

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	претпријатија 23 декември 2016 Велес • Примена на МСФИ во јавни претпријатија за Здружение на финансиски работници на локална самоуправа и јавни претпријатија 19 октомври 2017 Велес • Ажурирање на МСФИ во период 2017-2018, Институт на овластени ревизори на РМ, КПУ програма 2018 година, Струга 31 мај 2018 • "Šta vlasnici kapitala, povjerioci, vlade, ostali zainteresirani i javnost očekuju od revizije?", 15 Medjunarodni Revicon Simpozij, maj 2014, Neum BiH	
8.	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество *2 • 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 8-9 December 2017, Zagreb, Croatia • 12th International Conference on Accounting and Management Information Systems, University of Economic Studies, 7-8 Јуни 2017, Букурешт, Романија • International Conference on Accounting, Finance and Financial Institutions: Theory Meets Practice, 19-21 октомври 2016, Познан, Полска • 7th International Scientific Conference "European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy " organized within SMART INNO, 21-23 May 2015, Pula Croatia	8,0
9.	Апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна • "Students' Skills and Knowledge Gap Assessment for Better Employability in Accounting Practice", 7th International Scientific Conference "European Union Future Perspectives: Innovation, Entrepreneurship and Economic Policy " organized within SMART INNO, 21-23 May 2015, Pula Croatia	1,0
	Вкупно	**91**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1.	Експертски активности: Супервештачења – 4*1	4,0
2.	Учество во помотивни активности на факултетот – (2014,2015, 2016, 2017, 2018) 5*0,5	2,5
4.	Предавање на институции од јавен интерес:*0,5 Државен завод за ревизија Презентација и практична примена на МСФИ, шест предавања одржани во период 9-13.2.2015 и 15-18.2.2016 година	3,0
7.	Член на факултетска комисија *0,5 • Член на Конкурсна комисија за изработка на наставни програми и водичи за студии (2017) • Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии	2

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	(август-септември 2015) • Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии (август-септември 2015) • Претседател на Комисија за јавни набавки (декември 2017 – јуни 2018)	
8.	Учество во комисии и тела на државни и други органи *1 • Претседател на избирачко место за локални избори 2017	1,0
9.	Национален координатор за одредена стручна област – Национален консултант на Светска банка во Македонија за сметководство и финансиско известување	3,0
	Вкупно	**15,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	99,1
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	91
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	15,5
Вкупно	205,6

Членови на комисијата

1. проф. д-р Блажо Недев
2. проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска
3. проф. д-р Зоран Миновски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-1603/7 Дата 14.09 2018 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 10.9.2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски, се избира за наставник во научната област: сметководство, по предметите: Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување.

2. Д-р Атанаско Атанасовски се стекнува со наставно-научно звање вонреден професор од денот на донесување на оваа одлука.

3. Д-р Атанаско Атанасовски согласно Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), се избира за вонреден професор за период од пет години, односно во периодот од 10.9.2018 до 9.9.2023 година.

4. Платата на д-р Атанаско Атанасовски ќе се утврди со посебно решение согласно актите на Економскиот факултет - Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

На Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни во научната област: сметководство, по предметите: Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 7.6.2018 година, се пријави само кандидатот д-р Атанаско Атанасовски.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтетенот на Универзитетот бр.1173 од 16.7.2018 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок нема поднесено приговор.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 6.9.2018 година, даде позитивно мислење за предлогот наведен во објавениот рецензентски извештај.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 10.9.2018 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Блажо Недев
- Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска
- Проф. д-р Зоран Миновски

и го избра д-р Атанаско Атанасовски за наставник во наставно – научно звање вонреден професор во научната област: сметководство, по предметите: Финансиско сметководство и Корпоративно финансиско известување.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Атанаско Атанасовски, продекан за настава, одделение за материјално и финансиско работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие од седницата и архива.

Изработил: Д.К.

Д Е К А Н

Проф. д-р Љубомир ДРАКУЛЕВСКИ